Национална групација за осигурување
АД ОСИГУРИТЕЛНА ПОЛИСА
Бр. 08-52141/1
01.10.2018 год.

Јавна Здравствена установа
УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА
ЗА НЕВРОЛОГИЈА
Бр. 0307-2133
01.10 2018 год.
СКОПЈЕ

ОСИГУРУВАЧ: АД Осигурителна полисда Скопје
Адреса: Бул.Климент Охриски Бр. 26 Скопје
МБ.598 3681
Одговорно лице: Ген.Директор Владимир Тошевски и

ЈЗУ Универзитетска Клиника за неврологија Скопје,
претставувано од ВД.Медицински Директор: Д-р. Иван Барбов Адреса: Ул.Водњанска Бр.17 Скопје( во понатамошниот текст договорувач на осигурување) од друга страна

На ден _____________2018 година склучија:

# ДОГОВОР
## за јавна набавка на услуги
- Осигурување на општа и професионална одговорност на лекарите

Оглас 11/1/2018

## II ДЕФИНИЦИИ

Член 1

Одделни поими и изрази употребени со овој договор имаат значење согласно Законот за јавни набавки и неговите измени и дополнување (Сл.весник на РМ број 139/2007, 130/08, 97/10, 53/11 и 185/11).

## III ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 2

Предмет на договорот е јавна набавка за осигурување на одговорност од дејност на ЈЗУ УК за неврологија Скопје за период од 1(една) година.

Јавната набавка за осигурувањето е неделива и опфаќа:

**Дел 1:**

А. Осигурување од професионална одговорност на 25 здравствени работници(лекари специјалисти), со осигурително покритие од 100.000,00 евра годишен агрегат во денарска противвредност, односно 20.000,00 евра во денарска противвредност по штетен настан.

Б. Осигурување од општа одговорност на Клиниката со осигурително покритие од 20.000,00 евра годишен агрегат во денарска противвредност.

Член 3

Договорувачот на осигурувањето осигурува кај Одговорност од дејност наведени во Тендерската документација согласно долунаведените Општи и Посебни (Дополнителни) услови за осигурување и мериодавните премиски стапки на осигурување кај осигурувачот.

## IV ЈАЗИК НА ДОГОВОРОТ

Член 4

Јазик на Договорот и на другата документација кои претставуваат составен дел на договорот е македонски јазик.

## V ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 5

Вкупната вредност на Договорот инесува **45 835.00** денари со сите давачки , согласно прифатената понуда по јавната набавка.